

ИЗДАНИЕ БР.39, АПРИЛ 2022

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

МОЈ ОПШТИНАР ВО СОГЛАСНОСТ СО ГРАДСКИ МУЗЕЈ КАВАДАРЦИ, НАПРАВИЈА РЕСТАВРАЦИЈА НА СПОМЕНИЦИТЕ „КИРО КРСТЕВ" И „ДИМЧЕ МИРЧЕВ".
ИСТАТА Е ДОНАЦИЈА ОД ФИРМАТА ЗА МОЛЕРОФАРБАРСКИ УСЛУГИ БЕНТ КОЛОР.






ПО ДОЛГО ВРЕМЕ РУШЕН Е БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ КОЈ ШТО Е ПОЧНАТ СО ИЗГРАДБА ВО 80-ТИТЕ ГОДИНИ, А НЕ Е ЗАВРШЕН И ПРЕТСТАВУВА НЕФУНКЦИОНАЛНА ЦЕЛИНА, СО ШТО НЕ ОДГОВАРА НА ПОТРЕБИТЕ И НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТОТО.СОГЛАСНО ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПАРТЕР ПРЕД ВЛЕЗОВИ ОД 300М2 НА ЗГРАДА НА УЛИЦАТА „ИЛИНДЕНСКА" СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ СО МЗ ЉУБАШ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.







ВО ЦРКВАТА ВО СЕЛО МАРЕНА ОД СТРАНА НА ЕКИПАТА НА МОЈ ОПШТИНАР ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ВО СОРАБОТКА СО ЈП КОМУНАЛЕЦ И КОЖУВЧАНКА, НА ПОВРШИНА ОД 200 МЕТРИ КВАДРАТНИ СЕ ИЗВРШИ ЧИСТЕЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ СО ДРОБЕН АСФАЛТ, ПОТОА ИСКОП ЗА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ОД 170 МЕТРИ И НА КРАЈОТ ПОПЛОЧУВАЊЕ СО БЕХАТОН ПЛОЧКИ.

ОД СТРАНА НА ГРАДЕЖНА ГРУПА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ, СЕ УРЕДУВА ДВОРОТ И СЕ ПРЕРЕДУВААТ КОЦКИ НА ПАТЕКАТА НА НОВИТЕ МУСЛИМАНСКИ ГРОБИШТА ВО КАВАДАРЦИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОВОЈ МЕСЕЦ КАВАДАРЦИ ГО ДОБИ НАЈУБАВИОТ ГРАДСКИ ПАЗАР ПО ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ, КОЈ СЕ НАДЕВАМЕ НЕМА ДА БИДЕ САМО МЕСТО КАДЕ СЕ КУПУВА ХРАНА, ТУКУ И МЕСТО ЗА СРЕДБИ И ДРУЖЕЊА НА КАВАДАРЧАНИ. НА СЕГАШНИТЕ И ИДНИ ГЕНЕРАЦИИ.









НОВАТА УЛИЦА „ЗЕЛЕН ПАЗАР" Е КОМПЛЕТНО ОСВЕТЛЕНА СО ПЕТ КАНДЕЛАБРИ И ПЕТ РЕФЛЕКТОРИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОСТАВУВАЊЕ НА ТЕМЕЛИ ЗА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ НА МУСЛИМАНСКИТЕ ГРОБИШТА.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ШЕСТ ЛОКАЦИИ НИЗ ГРАДОТ. НА УЛИЦИТЕ „ГЛИГОР ХАЏИ ЈОРДАНОВ", „ЃОРЃИ РУСКОСКИ", И „ЈОВАНЧЕ ВЕЛКОВ", КАКО И НА ПАТЕКАТА КОН ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА, ПАРКИНГОТ НА ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА И ПАРКИНГОТ ЗАД ЗГРАДИТЕ СИЛЕКС ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ ВКУПНО 73 КАНДЕЛАБРИ.

СЕ ЗАПОЧНА СО ПОРАМНУВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ НА ПАТ ДО „РЕСАВСКИ ЗАЛИВ" ВО СКЛОП НА ДОГОВОРОТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦИ ВО СЕЛО РЕСАВА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ПОРТЛАНД ОД СТРУМИЦА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ФУНКЦИЈА Е ПУШТЕНА ПЕТТАТА МИНИ ХИДРО ЦЕНТРАЛА НА СИСТЕМОТ ЛУКАР. СВЕЧЕНО ВО РАБОТА ЈА ПРЕДАДОА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, И ДИРЕКТОРОТ НА ЈП КОМУНАЛЕЦ, ОРДАНЧО КЛИНЧАРОВ.

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НЕ ГО КРИЕШЕ ЗАДОВОЛСТВОТО ШТО ЗА КРАТОК ПЕРИОД ЦЕНТРАЛАТА Е СТАВЕНА ВО ФУНКЦИЈА И НАГЛАСИ ДЕКА ОВАА, КАКО И ПРЕТХОДНИТЕ 4 МИНИ ХИДРОЦЕНТРАЛИ НЕМА ДА ИМА НИКАКВО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРОЦЕСОТ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ.

ПРОИЗВОДСТВОТО ОДНОСНО ИНСТАЛИРАНАТА МОЌНОСТ НА ОВАА ХИДРОЦЕНТРАЛА Е 152,3 КИЛОВАТИ НА ЧАС, А ИСТОТО ЌЕ БИДЕ ПРОМЕНЛИВО ВО ЗАВИСНОСТ ОД МЕСЕЧНАТА ПОТРОШУВАЧКА НА ВОДА. ЦЕЛОСНАТА ИНВЕСТИЦИЈА, ГРАДЕЖНИОТ ДЕЛ И ОПРЕМАТА ИЗНЕСУВА ОКОЛУ 23.000.000 ДЕНАРИ.





ПОСТАВЕНИ СЕ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ ВО ДВОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО ВО СЕЛО МАРЕНА



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ И ЗАМЕНА НА СТАРИ СТОЛБЧИЊА НА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ






РАБОТА НА ТЕМЕЛИ ЗА НОВАТА ЦРКВА ВО СЕЛО ГАРНИКОВО И ПРОБИВАЊЕ НА ПРИСТАПЕН ПАТ ДО ИСТАТА





ПРОДОЛЖУВААТ ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ НА КРАКОТ ОД УЛИЦА 16ТИ ЈУНИ. СМЕНЕТА Е КОМПЛЕТНО ДОВОДНАТА ЦЕВКА И Е ЗАТРУПАНА. ВО СЛЕДНИТЕ ДЕНОВИ ЌЕ СЕ РАБОТИ НА ПРИКЛУЧОЦИТЕ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПАТОТ КОН СЕЛО КУМАНИЧЕВО.
ТАМПОНИРАЊЕ И НИВЕЛИРАЊЕ НА ИСТИОТ, СО ШТО И СЕ ОФОРМУВААТ ЗЕМЈЕНИ КАНАВКИ И БАНКИНИ. ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ПОРТЛАНД ОД СТРУМИЦА.




ПРЕДАДЕНА ЗА КОРИСТЕЊЕ КАПЕЛАТА НА МУСЛИМАНСКИТЕ ГРОБИШТА ВО КАВАДАРЦИ.









ПОСТАВЕНИ СЕ КАНДЕЛАБРИ НА МУСЛИМАНСКИТЕ ГРОБИШТА КОИ СЕ ДЕЛ ОД НОВОТО УРЕДУВАЊЕ, ПОВРЗАНИА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ







ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА ДА ГО РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТОТ ЗА ИНСТАЛИРАЊЕ НА ФОТО НАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА ДЕСЕТ ОПШТИНСКИ ИНСТИТУЦИИ.
НА ОПШТИНСКАТА ЗГРАДА ВЕЌЕ СЕ ПОСТАВЕНИ ВАКВИ ПАНЕЛИ. ВКУПНАТА ИНВЕСТИЦИЈА Е ОКОЛУ 7 МИЛИОНИ ДЕНАРИ, ДЕЛ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ДЕЛ ОД БИРОТО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ.
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ НА ДЕНЕШНАТА ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА НАГЛАСИ ДЕКА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУТЦИИ ЌЕ БИДАТ ВО МОЖНОСТ ДА ПРОИЗВЕДУВААТ ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД СОНЧЕВАТА СВЕТЛИНА ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ, А И САМИОТ ПРОЕКТ ПРИДОНЕСУВА ЗА ГЕНЕРИРАЊЕ НА ЗАШТЕДИ ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЧИСТЕЊЕ НА ЛОКАЛНА УЛИЦА ВО СЕЛО МАРЕНА





ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАР НА УЛИЦА „СМИЛИЦА"
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ

ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНАТА СООБ-
РАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ВО ГРАДОТ







ПРОМЕНА НА РЕГУЛАЦИОНЕН И
ГЛАВЕН ВЕНТИЛ ВО СЕЛО КОНОПИШТЕ.

# НАСТАНИ

## АПРИЛИЈАДА 2022
## ДЕЧИЊАТА ОД ГРАДИНКИТЕ И ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ДРУЖБА И ВО УЛОГА НА НИВНИТЕ ОМИЛЕНИ ЛИКОВИ, ГО ОДБЕЛЕЖАА ДЕНОТ НА ШЕГАТА 1 АПРИЛ.






# НАСТАНИ

ВО КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА СРЕДБА НА ЛОЗАРИТЕ СО МИНИСТЕРОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ЉУПЧО НИКОЛОВСКИ. НА СРЕДБАТА ПОКРАЈ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ЛОЗАРИ, БЕА ПРИСУТНИ И ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ ОД ОПШТИНИТЕ ВО РЕГИОНОТ И ПРАТЕНИЦИ. СЕ РАЗГОВАРАШЕ ОКОЛУ ЦЕНАТА И ОТКУПОТ НА ГРОЗЈЕ ОД ГОДИНАШНАВА РЕКОЛТА.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И БИБА ДОДЕВА ОД ЗДРУЖЕНИЕТО „БОРКА – ЗА СЕКОЈ НОВ ДЕН" ПОТПИШАА МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА, А ВО НАСОКА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ И ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО НА ЖИТЕЛИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

КАВАДАРЦИ Е ПРВА ОПШТИНА КОЈА ШТО ПОТПИША ВАКОВ МЕМОРАНДУМ КОЈ ИМА ЗА ЦЕЛ ВОСПОСТАВУВАЊЕ ДОЛГОРОЧНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ СТРАНИ ВО НАСОКА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ ВО КАВАДАРЦИ И ФОРМИРАЊЕ И РАБОТА НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ ВО СОСТАВ НА ОПШТИНАТА, СОГЛАСНО ГЛАВА 4 ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ, КАКО КРАЕН РЕЗУЛТАТ НА СОРАБОТКАТА.





# НАСТАНИ

ДОСТА БЕШЕ ТЕОРИЈА, ЗАПОЧНУВАМЕ СО ПРАКСА УЧЕСНИЦИТЕ НА ОБУКАТА ЗА РЕУПОТРЕБА НА МЕБЕЛ ДЕНОВИВЕ БЕА МНОГУ ВРЕДНИ .
ЕКО-ЖИВОТ, ECO-LIFE KAVADARCIОПШТИНА КАВАДАРЦИ / MUNICIPALITY OF KAVADARCI
СОЗШУ "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" - КАВАДАРЦИ FRIENDS





ЦВЕЌЕ НА СПОМЕНИКОТ НА НАРОДНИТЕ ХЕРОИ КИРО КРСТЕВ И ДИМЧЕ МИРЧЕВ
ПРЕТСТАВНИЦИ НА БОРЕЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА КАВАДАРЦИ И НЕГОТИНО , ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА ЧЕЛО СО ГРАДОНАЧАНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ,ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВИОТО НА УБИЕНИОТ КРСТЕВ,ОВЕТНИЦИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ,ПРЕТСТАВНИЦИ НА МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈАТА КАВАДАРЦИ ПОЛОЖИЈА ЦВЕЌЕ НА НОВИОТ СПОМЕН ПАРК ТАМУ КАДЕ И ЗАГИНАА ВО БОРБА СО ФАШИСТИЧКИТЕ ОКУПАТОРИ , НАРОДНИТЕ ХЕРОИ КИРО КРСТЕВ И ДИМЧЕ МИРЧЕВ ПРЕД 78 ГОДИНИ.



# СПОРТ

ГРАДОНАЧАНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОСТВАРИ СРЕДБА СО НАШИОТ ГФК ТИКВЕШ .
ОСТАНУВА ИСТИОТ ТРЕНЕР, ИСТИОТ СОСТАВ, ИСТИОТ ТИМ. ЧЕСНО И СПОРТСКИ КАКО ШТО ЗНАЕМЕ И КАКО ШТО ТРЕБА ДА БИДЕ.





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМ ГО ДОДЕЛИ ПОБЕДНИЧКИОТ ПЕХАР НА ОДБОЈКАРКИТЕ ОД РАБОТНИЧКИ СКОПЈЕ.






ВО ГОЛЕМ ДЕЛ ОД УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ МАНДАТОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА УРБАНАТА/МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА Е ПОМИНАТ.

ОРГАНИЗИРАНИ СЕ СОБИРИ НА ГРАЃАНИ ПО ПРЕТХОДНО ДОНЕСЕНА ОДЛУКА ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ НА ЧЛЕНОВИ НА УРБАНИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И СООПШТЕНИЕ ЗА ВРЕМЕ И МЕСТО НА НИВНО ОДРЖУВАЊЕ ВО ЛОКАЛНИТЕ МЕДИУМИ И ОФИЦИЈАЛНАТА ВЕБ СТРАНА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАКО И НА ОФИЦИЈАЛНИОТ ФЕЈСБУК ПРОФИЛ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.

ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА МЕСНИТЕ САМОУПРАВИ СЕ ИЗБИРААТ НА СОБИР НА ГРАЃАНИ И МАНДАТОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ ТРАЕ 4 ГОДИНИ.

ПРЕДЛАГАЊЕТО, УТВРДУВАЊЕТО И ИЗБОРОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ СЕ ВРШИ НЕПОСРЕДНО И СО ЈАВНО ГЛАСАЊЕ ОД СТРАНА НА ПРИСУТНИТЕ ЖИТЕЛИ, А ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРАВИЛАТА ЗА РАБОТА НА УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ И СТАТУТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ВО ПРИСУСТВО НА СОВЕТНИЦИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАКО И ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА ОД ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА.

ВО ПЕРИОДОТ ОД 18.04.2022 ГОДИНА ДО 28.04.2022 ГОДИНА БЕШЕ СПРОВЕДЕН ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ ВО СЛЕДНИТЕ УРБАНИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ:

1.ВО УРБАНА ЗАЕДНИЦА "ЌИРО КРСТЕВ" ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ИЗБРАНИ СЕ :
-БЛАГОЈ ЃОРЃИОВ
-ДИМЧЕ ЃЕЛОВ
-ИГОР РИСТОВ
-ПЕРО ПОПОВ
-ХРИСТИНА БОЖИНОВА
-МАРЈАН БОШЕВ
-КОЦЕ ПЕТРОВ
ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УРБАНА ЗАЕДНИЦА "ЌИРО КРСТЕВ" КАВАДАРЦИ ИЗБРАН Е БЛАГОЈ ЃОРЃИОВ.

2. ВО УРБАНА ЗАЕДНИЦА "БРАЌА ЦУНОВИ" ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ИЗБРАНИ СЕ :
-ТОМЕ КРСТЕВСКИ
- СМИЉА МАЛИНКОВА
-МАГДАЛЕНА ДИМИТРОВА МАРКОВА
-АНДОН ЛАЗАРОВ
-ДУШАН ВЕЛКОВ
-ВЛАТКО ГЕЧЕВ
-МАРГИТА НАКОВА
-ОРДАНЧО ДИМОВСКИ
-НАТАША МАНЕВА
ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УРБАНА ЗАЕДНИЦА "БРАЌА ЦУНОВИ" КАВАДАРЦИ ИЗБРАН Е ТОМЕ КРСТЕВСКИ.

3. ВО УРБАНА ЗАЕДНИЦА "ЗАДРУГАР" ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ИЗБРАНИ СЕ :
-ДОБРЕ КАМЧЕВ
-ПЕРО АПОСТОЛОВ
-ТРАЈАНКА МИТРЕВА
-БОРЧЕ ПАВЛОВ
-НИКОЛИНА ТРАЈКОВСКА
ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УРБАНА ЗАЕДНИЦА "ЗАДРУГАР" КАВАДАРЦИ ИЗБРАН Е ДОБРЕ КАМЧЕВ.

4 . ВО УРБАНА ЗАЕДНИЦА "БРАЌА ДОСЕВИ" ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ИЗБРАНИ СЕ :
- АНЃЕЛ КОЗАРИНОВ
- МАРИЧКА ШОШЕВА
- МАРИКА ПАНОВСКА
- САШКО РИСТОВСКИ
-ИЛИЈА МИЛКОВ
ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УРБАНА ЗАЕДНИЦА "БРАЌА ДОСЕВИ" КАВАДАРЦИ ИЗБРАН Е АНЃЕЛ КОЗАРИНОВ.

5 . ВО УРБАНА ЗАЕДНИЦА "КУЛА" ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ИЗБРАНИ СЕ :
- ВАНЧЕ ТАСЕВ
- СЛОБОДАН МАНЕВ
- БЛАЖЕ НАНЧЕВ

- ПЕЈО ТРАЈКОВ
- ГЛИГОРЧО ПЕЧКОВ
- ЉУПЧО ГРУЈЕСКИ
- БИЛЈАНА ЃОРЃИЕВА

ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УРБАНА ЗАЕДНИЦА "КУЛА" КАВАДАРЦИ ИЗБРАН Е ВАНЧЕ ТАСЕВ.

6 . ВО УРБАНА ЗАЕДНИЦА "ЉУБАШ" ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ИЗБРАНИ СЕ :

- СЛОБОДАН АНГЕЛОВСКИ
- ДАНИЕЛ ЧОЛАКОСКИ
- ТОШО РИЗОВ
- БЛАГИЦА НИКОЛОВА
- МАРЈАН ГЕЧЕВСКИ
- РАДЕ АТАНАСОВ
- ЛАСКО КУЗМАНОВ

ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УРБАНА ЗАЕДНИЦА "ЉУБАШ" КАВАДАРЦИ ИЗБРАН Е СЛОБОДАН АНГЕЛОВСКИ.

7.ВО УРБАНА ЗАЕДНИЦА "СТРАШО ПИНЏУР" ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ИЗБРАНИ СЕ :

- ЉУПЧО МИХОВ
- СТОЈАН МИТРОВ
- НОВЕ ЈОШЕСКИ
- МАРЈАН ЛАЗАРЕВСКИ
- ЗВОНКО БОГЕВ
- ЉУПЧО МЕРКАШ
- ВИДАН БОШКОВ

ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УРБАНА ЗАЕДНИЦА "СТРАШО ПИНЏУР" КАВАДАРЦИ ИЗБРАН Е ЉУПЧО МИХОВ.

8. ВО МЕСНА ЗАЕДНИЦА "ГЛИШИЌ" ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ИЗБРАНИ СЕ :

- АТАНАС ИСАКОВ
- ТРАЈЧЕ КИЧЕВ
- ЃОРЃИ МИТРЕВСКИ
- САШКО РИСТОВ
- ТОШЕ АТАНАСОВСКИ

ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "ГЛИШИЌ" КАВАДАРЦИ ИЗБРАН Е АТАНАС ИСАКОВ.

9.ВО УРБАНА ЗАЕДНИЦА "СЛОГА" ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ИЗБРАНИ СЕ :

-МИЛЕ ЃЕЛОВ
-АЦО РИЗОВ
-ТОНИ СТОИМЧЕВ
-ИЛИЈА ИЛИЕВ
-ДАМЈАНЧО ВЛАЈКОВ
-ГОЦЕ МАРКУШЕВ
-ЈОВАН СТОЈЧЕВ

ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УРБАНА ЗАЕДНИЦА "СЛОГА" КАВАДАРЦИ ИЗБРАН Е МИЛЕ ЃЕЛОВ.

10. ВО МЕСНА ЗАЕДНИЦА "ВАТАША" ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ИЗБРАНИ СЕ :

-ЗОРАН ИФТИМОВ
-ТОДОР ПЛАЧКОВ
-АТАНАС ВЕШКОВ
-ДИМЕ БАСНАРКОВ
-МУХАМЕД СИНАНОВ
-РОЗА ГРКОВА
-МИЛКА ЈОРДАНОВА

ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "ВАТАША" КАВАДАРЦИ ИЗБРАН Е ЗОРАН ИФТИМОВ.

СЕ ОДРЖА ДЕСЕТТАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

СО 11 ГЛАСА „ЗА", 5 „ПРОТИВ" И 1 „ВОЗДРЖАН" КАВАДАРЕЧКИОТ СОВЕТ ВО РАМКИ НА 10-ТАТА СЕДНИЦА ГО УСВОИ КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ ОД 2022 ГОДИНА.
НА ДЕНЕШНАТА СЕДНИЦА СОВЕТОТ ДОНЕСЕ ОДЛУКА И ЗА ТРАНСФЕР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 6 МИЛИОНИ ДЕНАРИ КОН ЈП ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ПАРКИНГ, СО ШТО ПОЧНУВА ПОСТАПКА ЗА НАБАВКА ПРЕКУ ЛИЗИНГ НА ЧЕТИРИ АВТОБУСИ КОИ ЌЕ ИЗВРШУВААТ ЈАВЕН ПРЕВОЗ И ПРЕВОЗ НА УЧЕНИЦИ.
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА ПРЕВОЗ НА УЧЕНИЦИ ГОДИШНО ИМАШЕ ТРОШОК ОД 15 МИЛИОНИ ДЕНАРИ. ОПОЗИЦИЈАТА ГЛАСАШЕ ПРОТИВ ОВАА ТОЧКА, СО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ДЕКА АВТОБУСИТЕ ТРЕБА ДА СЕ КУПАТ СО СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА НА ОПШТИНАТА, А НЕ ПРЕКУ ЛИЗИНГ. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ДАДЕ ПОЈАСНУВАЊЕ ДЕКА ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ И ПРЕВОЗОТ НА УЧЕНИЦИ ЌЕ ЗАПОЧНЕ ДА СЕ РЕАЛИЗИРА ОД СЕПТЕМВРИ ГОДИНАВА. ИНФОРМИРА ДЕКА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИМА 19 АВТОБУСКИ ПОСТОЈКИ, А УШТЕ 15 ЌЕ БИДАТ ИЗГРАДЕНИ. АВТОБУСОТ ЌЕ БИДЕ ДОСТАПЕН НА СЕКОЈА ПОСТОЈКА ЗА ТРИЕСЕТИНА МИНУТИ, СЕКОЈ РАБОТЕН ДЕН, ОСВЕН НЕДЕЛА ВО ПЕРИОДОТ ОД 7 ДО 19 ЧАСОТ. ЈП ПАРКИНГ ДОБИВА УШТЕ ЕДНА НАДЛЕЖНОСТ, СО КОЈА ТРЕБА ДА ОБЕЗБЕДУВА ПРИХОДИ ВО СВОЕТО РАБОТЕЊЕ.

СТАТУС ИЗВЕСТУВАЊЕ
КАКО ГРАДОНАЧАЛНИК ОТСЕКОГАШ СУМ ГО ПОДДРЖУВАЛ СПОРТОТ ВО КАВАДАРЦИ. ОСОБЕНО МИ ПРЕТСТАВУВА ЧЕСТ КОГА ГИ СЛЕДАМ НАТПРЕВАРИТЕ НА НАШИОТ ГФК ТИКВЕШ. СЕ ГОРДЕАМ СО РЕЗУЛТАТИТЕ КОИ ГИ ПОСТИГНА ВО ПОСЛЕДНАТА ГОДИНА И СЕКОГАШ СУМ СО НЕГО И КОГА ПОБЕДУВАЛ И КОГА ГУБЕЛ.
И ЗАТОА ПО НАЈАВЕНАТА ОСТАВКА НА ТРЕНЕРОТ ВЛАТКО КОСТОВ, ЕДИНСТВЕНО ШТО МОЖАМ ДА КАЖАМ Е ДЕКА НИТУ ЈАС, НИТУ УПРАВНИОТ ОДБОР, НАВИВАЧИТЕ И ЉУБИТЕЛИТЕ НА ФУДБАЛОТ НЕ МОЖЕМЕ ДА ЈА ПРИФАТИМЕ, ЗАТОА ШТО СМЕТАМЕ ДЕКА ТОЈ НЕ СНОСИ НИКАКВА ОДГОВОРНОСТ ЗА ФУДБАЛСКИТЕ НАСТАНИ КОИ СЛЕДЕА ПРЕТХОДНО, ЗА ШТО СЕ ИЗЈАСНИ И СУДИСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ И ПРИЗНА ДЕКА НАШИОТ КЛУБ МНОГУПАТИ ДОСЕГА БИЛ ОШТЕТЕН. ЗАТОА, МУ ДАВАМЕ ЦЕЛОСНА ПОДДРШКА НА ТРЕНЕРОТ ВЛАТКО КОСТОВ, ЧОВЕК КОЈ ВАЖИ ЗА НАЈДОБАР И НАЈИСКУСЕН ВО МАКЕДОНИЈА, ДА ОСТАНЕ НА ЧЕЛО НА ТИКВЕШ И ДА ПРОДОЛЖИ СО НЕГОВАТА РАБОТА, И СЕКАКО ДА ГО ПОДГОТВУВА ТИМОТ ЗА СЛЕДНИОТ НАТПРЕВАР НА ДОМАШЕН ТЕРЕН ПРОТИВ ФК СТРУГА ТРИМ И ЛУМ.

СО ПОЧИТ,
ГРАДОНАЧАЛНИК МИТКО ЈАНЧЕВ





Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова
**Печати:** печатница Европа 92 Кочани
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**